ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 40 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, Собранието на акционери на Банката, на ден 2.4.2025 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## за укинување на Одборот за наградување на членовите на Надзорниот одбор и на Одборот за ревизија на ТТК Банка АД Скопје

### Член 1

Се укинува Одборот за наградување надлежен за прашањата во врска со надоместоците на членовите на Надзорниот одбор и на Одборот за ревизија на ТТК Банка АД Скопје, формиран од страна на Собранието на акционери на Банката со Одлука бр. 02-5491/1 од 31.7.2013 година

### Член 2

Надлежностите што ги имаше Одборот наведен во член 1 од оваа одлука ќе преминат во надлежност на Одборот за наградување во ТТК Банка АД Скопје формиран од Надзорниот одбор на Банката.

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

Со влегувањето во сила на оваа одлука престануваат да важат Одлуката за назначување членови на Одборот за наградување на членовите на Надзорниот одбор и на Одборот за ревизија на ТТК Банка АД Скопје бр. 02-3072/8 од 15.4.2021 година, Одлуката за назначување претседател на Одборот за наградување на членовите на Надзорниот одбор и на Одборот за ревизија на ТТК Банка АД Скопје бр. 02-2947/10 од 7.4.2023 година и Одлуката за разрешување и именување член на Одборот за наградување на членовите на Надзорниот одбор и на Одборот за ревизија на ТТК Банка АД Скопје бр. 02-5438/2 од 4.7.2023 година.

**Собрание на акционери на Банката**

**Претседавач**

______________________________

## Образложение

**кон Предлог - одлуката за укинување на Одборот за наградување на членовите на Надзорниот одбор и на Одборот за ревизија на ТТК Банка АД Скопје**

Во согласност со член 40 став 2 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, Собранието на акционери, за одделни прашања од делокругот на работењето на Банката, може да формира и работни тела (комисии и одбори) на начин и според услови определени со закон, со овој Статут и со други интерни акти на Банката.

Врз основа на оваа одредба од Статутот на Банката, Собранието на акционери на Банката, на седницата одржана на ден 31.7.2013 година, има донесено Одлука за формирање Одбор за наградување кој ќе ги разгледува прашањата во врска со надоместоците на членовите на Надзорниот одбор и на Одборот за ревизија на Банката.

Во согласност со одредбата од точка 17 од Одлуката за правилата за доброто корпоративно управување во банка, Надзорниот одбор на Банката, од редот на своите членови, веќе има формирано Одбор за наградување којшто му помага во делот на неговите надлежности поврзани со спроведување на политиката за наградување.

Заради подобра ефикасност при спроведување на Политиката за наградување во ТТК Банка АД Скопје, се одлучи во Банката да функционира одбор формиран од Надзорниот одбор, во согласност со Одлуката за корпоративно управување, кој што ќе ги интегрира надлежностите и ќе разгледува прашања во делот на наградувањето на членовите на органите на Банката и лицата надлежни за контролните функции. Оттаму, се предлага да се укине Одборот за наградување формиран од Собранието на акционери на Банката, а надлежностите да преминат во Одборот за наградување формиран од страна на Надзорниот одбор на Банката.

Врз основа на изнесеното, му се предлага на Собранието на акционери да ја донесе предложената одлука.